РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKES SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-719/8
12.08 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија – Скопје" бр.275/19 и 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 441/2026, со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција бр.04-719/7 од 12.08.2026 година, Директорот ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 441/2026 за вработување на административен службеник на работно место, советник за маркетинг и односи со јавност, шифра КУЛ 01 02 В01 009, во Одделение за административни општи и правни работи и човечки ресурси, Сектор за административни општи и правни работи **се избира** кандидатот Росана Јанков, со идентификациски код ЕЕ9244Е.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука, за што Директорот ќе донесе Решение за распоредување и плата на административен работник.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Образложение

Во врска со Јавниот оглас бр.441/2026, за вработување на административен службеник во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, објавен на ден 30.06.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер", ‚Нова Македонија" и „Коха", Директорот на Агенција за администрација со Решение за формирање на Комисија за селекција на вработување по јавен оглас бр.04-719/4 од 17.07.2026 година, формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас.

Комисија за селекција на вработување по јавен оглас на ден 17.07.2026 година, спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција бр.04-719/3 од 17.07.2026 година, по што спроведе испит за уредните кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.04-719/5 од 06.08.2026 година и изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите за наведеното работно место и состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.04-719/6 од 11.08.2026 година.

По спроведените фази од постапката за селекција за вработување, Комисијата за селекција на вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување за кандидати бр.04-719/7 од

12.08.2026 година од сите фази на селекција, со кој за работното место Советник за маркетинг и односи со јавност за вработување се предлага именуваниот кандиадат Росана Јанков со идентификациски код  ЕЕ9244Е.

Врз основа на приложената Ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување, Директорот на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлика.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на веб страницата на Агенција за администрација.

Доставено до:
- Архива;
- Именуваниот;
- Агенција за администрација.

**НУ Археолошки музеј на**
**Република Северна Македонија-Скопје**
**Директор**
**Магдалена Манскова**

Изработил:А.Трајковиќ
Одобрил:А.Стојчески
.